# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

**04 февруари 2016 | Излегува по потреба | Година XI | број 1**



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2016 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/1**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за платниот промет ("Службен весник на РМ" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15 и 199/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2016 ГОДИНА

### Член 1

Се утврдува благајничкиот максимум за 2016 година, во износ од 120.000,00 денари.

### Член 2

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден на наплатата.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/3**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА "НИКОЛА КИРОВ МАЈСКИ" И УЛИЦА "5" ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ХИПОДРОМ 2, СО КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на дел од улица "Никола Киров Мајски" и улица "5" во населба Хиподром 2, со комплетна инфраструктура, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/2**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба, за финансиско учество за изградба на дел од улиците Никола Киров Мајски и улица 5 во населба Хиподром 2 со комплетна инфраструктура, бр.07-9873/1 од 30.11.2015 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.16/15) донесена од Советот на Град Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛ ОД УЛИЦА ''НИКОЛА КИРОВ МАЈСКИ'' И УЛИЦА ''5'' ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ХИПОДРОМ 2, СО КОМПЛЕТНА ИНФРАСТРУКТУРА

### Член 1

Во Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на дел од улица "Никола Киров Мајски" и улица "5" во населба Хиподром 2, со комплетна инфраструктура, бр.09-1747/9 од 30.04.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/15), членот 2 се менува и гласи:

"Општина Гази Баба во остварувањето на соработката ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба за 2015 година **и Буџетот за 2016 година**, во износ од 16.930.000,00 денари, а Град Скопје со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2015 година **и Буџетот за 2016 година**, во износ од 30.000.000,00 денари".

### Член 2

Одлуката да се достави до Град Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/4**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕТО СО ВОДА, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА М.А.ЧЕНТО, СИНГЕЛИЌ, СТАЈКОВЦИ И ИНЏИКОВО**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на снабдувањето со вода, за населените места М.А.Ченто, Сингелиќ, Стајковци и Инџиково, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/3**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за изработка на проектна документација и реализација на проектот, за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на снабдувањето со вода за населените места Ченто, Сингелиќ, Стајковци и Инџиково, бр.07-9872/1 од 30.11.2015 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.16/15) донесена од Советот на Град Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕТО СО ВОДА, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА М.А.ЧЕНТО, СИНГЕЛИЌ, СТАЈКОВЦИ И ИНЏИКОВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел и интерес - изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на снабдувањето со вода, за населените места М.А.Ченто, Сингелиќ, Стајковци и Инџиково.

**Член 2**

Градот Скопје ќе ја финансира изработката на проектната документација и целосната реализација на проектот за изведба на водоснабдителен систем за подобрување на снабдувањето со вода, за населените места М.А.Ченто, Сингелиќ, Стајковци и Инџиково.

Средствата се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2016 и 2017 година во износ до 1.000.000,00 денари без ДДВ, за изработка на проектната документација а вредноста за изведба на водоснабдителниот систем ќе се утврди по изработка на основниот проект.

Истите можат да се користат исклучиво за намената утврдена во ставот 2 од овој член, во согласност со прописите со кои се уредува изработка на проектна документација и изведба на проекти, со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Јавната набавка за изработка на проектната документација и изведбата на проектот ќе ја спроведе Град Скопје, согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/5**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ПЕТ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ОД ГРАД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од пет метални столбови од Град Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/4**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за давање донација на пет метални столбови на Општина Гази Баба, бр.07-9890/1 од 30.11.2015 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.16/15) донесена од Советот на Град Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ПЕТ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ОД ГРАД СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба - прималел на донацијата од Град Скопје - давател на донацијата, прима донација од 5 (пет) демонтирани метални столбови со височина од 6 (шест) метри.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со Градоначалникот на Град Скопје, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања, по склучување на договорот од членот 2 на оваа одлука, стварите предмет на донација, да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција на општината.

**Член 4**

Одлуката да се достави до секторот за правни и општи работи и секторот за финански прашања од општинската администрација и Град Скопје.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/6**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА СЕЛО СИНГЕЛИЌ (ДЕЛ КО СИНГЕЛИЌ - 1, КО СИНГЕЛИЌ - 2 И ДЕЛ ОД КО СИНГЕЛИЌ - 3)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за село Сингелиќ (дел од КО Сингелиќ - 1, КО Сингелиќ - 2 и дел од КО Сингелиќ - 3), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/5**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15) а во врска со член 2 став (2) од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), член 22 став (1) точка 1, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОШИРУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИТЕ ОБЈЕКТИ, ЗА СЕЛО СИНГЕЛИЌ (ДЕЛ КО СИНГЕЛИЌ - 1, КО СИНГЕЛИЌ - 2 И ДЕЛ ОД КО СИНГЕЛИЌ - 3)**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата за донесување на урбанистичко- планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, за село Сингелиќ (дел од КО Сингелиќ - 1, КО Сингелиќ - 2 и дел од КО Сингелиќ - 3).

**Член 2**

При донесување на урбанистичко-планската документација, сите објекти кои ќе добијат решение за утврдување на правен статус на бесправен објект запишано во јавната книга на недвижности, ќе бидат вклопени во урбанистичко-планската документација.

**Член 3**

За спроведување на оваа одлука надлежен е секторот за урбанизам и градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистички план за село Сингелиќ, со кој ќе се изврши вклопување на бесправните објекти, на подрачјето на КО Сингелиќ -2 и дел од КО Сингелиќ - 3, бр.07-5419/35 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/7**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од Град Скопје, во Управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/6**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (15) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15 и 192/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4822/1 од 18.12.2015 година а во врска со Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во Управниот одбор на ЈУ за деца - детска градинка "Детска радост" – Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-526/1 од 28.01.2016 година донесена од Советот на Град Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ, ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во Управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, бр.07-5419/9 од 20.12.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/13), во член 1 став 1 "ТОШЕ ТРАЈКОВСКИ" се заменува со "МАРЕ ВЕСЕЛИНОВА".

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во Управниот одбор од член 1 на оваа одлука, трае до истекот на мандатот на членовите на Управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за конституирање на Управен одбор, бр.02-11/3 од 15.01.2014 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/8**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Центар за млади и невладини организации на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/7**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15 и 153/15) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНТАР ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Општа одредба

### Член 1

(1) Со оваа одлука се формира Центар за млади и невладини организации на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Центар) и се уредува неговата организација и работа.

(2) Под невладини организации во смисла на оваа одлука се подразбираат: здруженија на граѓани и фондации во согласност со закон.

### Име на Центарот

### Член 2

(1) Полното име на Центарот е: "Центар за млади и невладини организации на Општина Гази Баба".

(2) Скратеното име на Центарот е: "Центар за млади и НВО - Гази Баба".

### Статус на Центарот

### Член 3

(1) Центарот нема својство на правно лице.

(2) Центарот претставува работна единица на Општина Гази Баба.

### Седиште на Центарот

### Член 4

Центарот е со седиште на улица "Филип Филиповиќ" бр.22, во објект сопственост на Општина Гази Баба, видно од имотен лист 44644 КО Гази Баба, КП 545, со вкупна површина од 179 м2 приземје.

### Задачи на Центарот

### Член 5

Основни задачи на Центарот се:

(1) извршување на стратегиите за млади и развој на граѓанското општество во Општина Гази Баба;

(2) поддршка на невладините организации во Општина Гази Баба;

(3) организација на трибини, семинари, обуки, предавања и други активности;

(4) координација, соработка и размена на искуства и знаења меѓу: невладините организации во Општина Гази Баба; општинската администрација и невладините организации во Општина Гази Баба; и единиците на локалната самоуправа и Владата на Република Македонија; и

(5) поттикнување на меѓународната соработка на младите и невладините организации во Општина Гази Баба.

**Управување со Центарот**
**Член 6**

(1) Со Центарот управува Градоначалникот.

(2)Центарот има Совет, како помошно работно тело на Градоначалникот.

(3) Советот има пет членови од кои два члена од општинската администрација, еден член од Локалниот младински совет и два члена од невладините организации корисници на услугите на Центарот.

(4) Од редот на членовите на Советот се именува претседател и заменик претседател.

(5) Мандатот на членовите на Советот на Центарот е четири години, но најмногу до крајот на мандатот на Градоначалникот, односно до именувањето на новите членови на Советот на Центарот од новоизбраниот Градоначалник.

(6) Членовите на Советот на Центарот, претседателот и заменик претседателот ги именува и разрешува Градоначалникот со решение.

**Надлежност на претседателот**
**на Советот на Центарот**

**Член 7**

(1) Претседателот на Советот на Центарот ги свикува и претседава со седниците на Советот на Центарот и се грижи за организацијата и работата на Центарот во согласност со оваа одлука.

(2) Во отсуство на претседателот на Советот на Центарот, го заменува заменикот претседател.

**Надлежност на Советот на Центарот**
**Член 8**

Советот на Центарот ги врши следните работи и задачи:

(1) ги спроведува целите и задачите на Центарот;

(2) учествува во разгледувањето и утврдувањето на стратегиите за млади и развојот на граѓанското општество во Општина Гази Баба;

(3) го следи извршувањето и презема мерки за реализација на стратегиите за млади и развојот на граѓанското општество во Општина Гази Баба;

(4) утврдува динамика и одговорни за реализација на стратегиите за млади и развојот на граѓанското општество во Општина Гази Баба;

(5) утврдува предлог решение до Градоначалникот за користење на опремата, канцелариите и салите за состаноци во Центарот по барање на невладини организации;

(6) врши надзор на корисниците и користењето на услугите на Центарот;

(7) донесува Правилник за работа на Центарот со којшто се уредува користењето на канцелариите, салите за состаноци и опремата на Центарот;

(8) води евиденција за стварите на Центарот;

(9) предлага финансиски план за работа на Центарот до Градоначалникот;

(10) иницира и координира програми и соработка меѓу невладините организации во Општина Гази Баба, во земјата и странство;

(11) донесува годишна програма и годишен извештај за работа на Центарот со согласност на Градоначалникот;

(12) врши координација меѓу надлежните сектори и одделенија на Општина Гази Баба за стратегиите за млади и развојот на граѓанското општество во Општина Гази Баба со единици на локалната самоуправа, Владата на Република Македонија и меѓународната заедница;

(13) врши други работи и задачи утврдени со оваа одлука.

**Одлучување во Советот на Центарот**

**Член 9**

(1) Советот на Центарот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(2) На седниците на Советот на Центарот се води записник од којшто еден примерок се доставува до Градоначалникот.

**Локален Младински Совет**

**Член 10**

Во Центарот е сместен и својата дејност ја остварува и Локалниот младински Совет на Општина Гази Баба, формиран со одлука на Советот на Општина Гази Баба, бр.07-4250/5 од 5 ноември 2014 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/14).

**Обврски на Општина Гази Баба кон Центарот**

**Член 11**

(1) Општина Гази Баба кон Центарот ги има следните обврски:

(1.1) уредно ги плаќа сите комунални давачки (струја, вода, ѓубретарина, парно греење, обезбедување и чистење);

(1.2) го врши тековното одржување на Центарот (молерисување, фарбање, санација на кровна конструкција во случај на прокиснување и друго); и

(1.3) редовно ги сервисира движните ствари и опремата со коишто располага Центарот дадени на користење на невладините организации.

(2) Расходите за Центарот од ставот (1) на овој член се утврдуваат во Буџетот на Општина Гази Баба.

(3) Центарот и движните ствари подлежат на попис во согласност со закон.

**Рок за користење на услугите на Центарот**

**Член 12**

(1) Невладините организации можат да ги користат услугите на Центарот без надоместок, по правило, најмногу за една година.

(2) По истекот на рокот од ставот (1) на овој член, невладините организации можат да поднесат барање за продолжување на користењето на услугите на Центарот.

**Услови за користење на услугите на Центарот**

**Член 13**

(1) Услугите на Центарот може да ги користи невладина организација којашто ги исполнува следните услови:

(1.1) да е регистрирано правно лице;

(1.2) да има седиште на подрачјето на Општина Гази Баба или да има регистриран огранок на подрачјето на Општина Гази Баба; и

(1.3) да реализира непрофитни проекти од интерес за граѓаните на Општина Гази Баба.

(2) Невладина организација може да поднесе барање за користење на услугите на Центарот во согласност со условите од ставот (1) на овој член во текот на целата година.

**Постапка за избор на корисник на услугите на Центарот**

**Член 14**

(1) Барањата од членот 13 став (2) на оваа одлука се доставуваат до Градоначалникот со назнака "за Центарот".

(2) Советот на Центарот, по правило, во рок не повеќе од 15 дена од приемот на барањето, утврдува предлог решение за користење на услугите на Центарот или за отфрлање на барањето.

(3) Градоначалникот, на предлог на Советот на Центарот, може со решение да го даде користењето на услугите на Центарот или на дел од него (во натамошниот текст: корисник) или да го отфрли барањето.

(4) Градоначалникот, на предлог на Советот на Центарот, со корисникот склучува договор за користење на услугите на Центарот.

(5) Во договорот од ставот (4) на овој член се уредуваат правата и обврските на Општина Гази Баба и корисникот.

**Должности на корисникот на услугите на Центарот**

**Член 15**

(1) Корисникот е должен:

(1.1) да се грижи како добар домаќин за Центарот;

(1.2) да се придржува на Правилникот за работа на Центарот;

(1.3) да обезбедува чување и заштита на имотот на Центарот;

(1.4) да врши економично и наменско користење на услугите на Центарот;

(1.5) уредно и навремено да ги извршува обврските што произлегуват од користењето на движните ствари и опремата на Центарот;

(1.6) да ја подобрува и зајакнува соработката на невладините организации, локалната самоуправа и бизнис заедницата регистрирани на подрачјето на Општина Гази Баба со цел нејзин подобар и побрз развој; и

(1.7) најдоцна заклучно со 15 декември од тековната година да поднесува извештај за работа за тековната година и програма за работа за наредната година, до Советот на Центарот и Градоначалникот.

(2) Извештајот за работа за тековната година и програмата за работа за наредната година се услов за барање за продолжување на користењето услугите на Центарот.

(3) Во случај на оштетување на Центарот по вина на корисникот или негови членови и гости, надоместот на штетата е на товар на корисникот.

**Престанок на користењето на услугите на Центарот**

**Член 16**

(1) Кога Центарот или дел од него се користи спротивно на намената за којашто е даден на користење и на извршувањето на работите и задачите, како и спротивно на одредбите на оваа одлука и актите што се донесуваат врз основа на оваа одлука, се смета дека корисникот не ги исполнил обврските и условите од оваа одлука, заради што, на предлог на Советот на Центарот, Градоначалникот со решение го поништува договорот за користење на услугите на Центарот.

(2) Поради причините од ставот (1) на оваа одлука, на предлог на Советот на Центарот, Градоначалникот може да изрече наредба за времена или трајна забрана за користење на услугите на Центарот за невладина организација или граѓанин.

**Содржина на Центарот**

**Член 17**

(1) Центарот може да има Интернет клуб, Клуб на млади, Клуб на читатели и други содржини, чиишто услуги може да ги користи секој граѓанин на Општина Гази Баба.

(2) Содржините на Центарот ги утврдува Советот на Центарот, со согласност на Градоначалникот.

(3) Работата на содржините од ставот (1) на овој член се уредува со посебни правилници што ги донесува Градоначалникот на предлог на Советот на Центарот.

**Завршна одредба**

**Член 18**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/9**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/8**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година бр.09-4746/27 од 21.12.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/15), во член 9 став (1) алинеа 1, зборовите:

- "за вработените што имаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 76,8 денари;", се заменуваат со зборовите:

- "вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници, која ја донесува Советот на општината;".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/10**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КООРДИНАТОРОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/9**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (7) а во врска со член 15 став (1) од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година, бр.17-282/1 од 25.01.2016 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА
КООРДИНАТОРОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ
И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година, бр.17-282/1 од 25.01.2016 година.

2. Се задолжува координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба, овој заклучок и извештајот да ги достави до Министерството за труд и социјална политика во законскиот рок.

3. Се задолжува координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба, извештајот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година, бр.17-282/1 од 25.01.2016 година, да го објави на веб страната на општината.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/11
од 29.01.2016 година
Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
м-р Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.01.2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-438/10**
**од 01.02.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2016 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесеттата седница одржана на ден 29.01.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2016 ГОДИНА**

## ВОВЕД

Демографски податоци на Општина Гази Баба

**Број на жители**:
Според пописот од 2002г. општината има 72222 жители, и според бројот на жители претставува една од поголемите општини во градот Скопје и Република Македонија. Од вкупниот број на население 36376 се мажи, а 36241 се жени.

**Демографската структура на општината според припадност на зедница:**
Македонци 73,3%, Албанци 17,3%, Срби 2,9%, Роми 2,9%, Турци 0,8%, Власи 0,3%, и останати 1,3%.

**Просечна возраст:**
На населението во ОГБ е 35,4 години, до 20 години 27,4%, до 40 години 58,6%, 60 години и повеќе 14,4%.

**Писменост:**
Вкупниот број на писмените лица изнесува 61156, од кои мажи се 31137, а жени се 30019.

## ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Гази Баба има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста меѓу половите сеуште не е реалност во секојдневниот живот. Во пракса, мажите и жените, не ги уживаат истите права. Сеуште постојат социјални, политички,економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

Клучните идентификувани области во локалната заедница на кои треба да се насочат активностите и зголеми работата во 2016 година за воведување родова рамноправност се:

- човекови права-недискриминација,
- жената и одлучувачките процеси во заедницата,
- подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје,
- родово одговорно финансирање, и
- јакнење на капацитетите (едукација на носителите на активностите).

1. <u>**Цели**</u>

Основни цели за активностите на Општина Гази Баба во областа на еднаквите можности на мажите и жените за 2016 година се:

- зајакнување на институционалните капацитети на општината за унапредување на еднаквите можности преку обуки на КЕМ и општинската администрација, развивање на интерни постапки и механизми за координирано дејствување,
- јавна промоција на родовата еднаквост како вредност, преку информативни кампањи и манифестации и информирање на жените за услугите и можностите кои ги нуди општината,
- зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје. Постои поголема потреба од информираност на жената за нејзиното сексуално и репродуктивно здравје, поголема едукација за малигните заболувања на репродуктивните органи,
- унапредување на заштита од насилство врз жени,
- унапредување на социјалната поддршка на жени, економско зајакнување (вклучување на жени, особено маргинализирани, поттикнување на учество во месната самоуправа), и
- редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност.

## 2. Активности

За остварување на целите на програмата во 2016 година, општината ќе ги спроведе следните активности.

1. Обука на администрацијата за родова анализа

Целта на оваа активност е да се зголеми свесноста и разбирањето на претставниците на општинската администрација за потребата и начините за вклучување на родова перспектива во процесот на планирање на програмите и проектите од областите кои спаѓаат во нивниот делокруг на работа.

Потребни услови за спроведување на обуката се:

- подготвена програма и методологија за родова анализа,
- подготвени базични помошни алатки за практична примена на стекнатите знаења,
- обезбедени услови за одржување на обуката.

2. Обука на комисијата за еднакви можности на жените и мажите

Оваа обука ќе биде специјализирана за членовите на комисијата со цел да се зајакнат нивните знаења и вештини за остварување на специфичните обврски од нивната надлежност. Обуката треба да се фокусира на процесите на планирање и одлучување во врска со унапредувањето на еднаквите можности на жените и мажите, соработката со координаторот за еднакви можности на жените и мажите, како и јавната промоција на еднаквите можности на жените и мажите во општината.

Неопходни услови за спроведување на обуката се:

- подготвена програма и методологија за обука,
- обезбедени услови за одржување на обуката.

3. Манифестација 8-ми Март-Меѓународен ден за правата на жената

Оваа активност е во функција на јавна промоција на човековите права на жените и мажите. Целта на оваа манифестација е да се подигне јавната свесност за правата на жената.

Во рамките на оваа манифестација, ќе биде одржана јавна седница на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на која можат да присуствуваат претставници од општинската администрација, граѓанскиот сектор, претставници од основни училишта и други институции.

На настанот ќе биде претставена Програмата на Општина Гази Баба, проекти и активности планирани во текот на 2016 година заедно со граѓанскиот сектор. Воедно ќе се спроведе и дебата помеѓу учесниците на која ќе се дискутира состојбата за родова еднаквост, правата на жените со предлози и насоки за поттикнување и унапредување на соработката поврзани со еднаквите можности на мажите и жените во општината.

4. Соработка со НВО и покренување на заеднички иницијативи, и тоа на полето превенција од семејното насилство, проекти во соработка со СОС детското село, проект за подигнување на свеста за грижа на жената за сопственото здравје, проекти за подигнување на свеста за негата на детето од најмалата возраст до тинејџерските години итн.

Во рамките на овие проекти ќе бидат организирани едукативни трибини, дебати, советувања (презентација и опции и регулативи на граѓаните во однос на наведените теми и превентивни мерки за истите).

5. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност.

Со цел да се запознае пошироката јавност и да се подигне свесноста за потребата од еднаквите можности на мажите и жените, Општина Гази Баба се стреми кон публикација на активностите и материјалите кои ја презентираат нејзината работа и залагање на тоа поле. Истовремено се приклучува и кон активностите и материјалите кои се организраат од другите институции на државно ниво и дава нивна поддршка.

**3. <u>Финансиски план</u>**

За спроведување на активностите предвидени со програма се предвидени следните финансиски средства и тоа:

| ***Реден број*** | ***Активност*** | ***Рок и место на одржување*** | ***Носител на активностите*** | ***Предвидени с-ва во Буџетот на ОГБ*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Обука на администрацијата | Јануари-Февруари 2016 | ОГБ | 10.000,00 |
| 2. | Обука за комисијата за еднакви можности на жените и мажите во ОГБ | Мај - Јуни 2016 | ОГБ | 10.000,00 |
| 3. | Манифестација 8-ми март<br><br>Тема:правата на жената<br>Пригоден коктел | Март 2016 | ОГБ | 15.000,00 |
| 4. | Проекти во соработка со НВО -семејно насилство (организирање на трибини во општината и месните заедници) | Септември-Декември 2016 | ОГБ заедно со Кризен центар Надеж | 40.000,00 (с-вата се обезбедени од НВО програмата) |
| 5. | Публикација на материјали | Во текот на 2016 | ОГБ до НВО | 25.000,00 |

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-128/12**
**од 29.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Милан Андоновски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.09-437/1 од 01.02.2016 година**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4746/8 од 21.12.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/15), донесена на Триесет и деветтата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 21.12.2015 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4746/8 од 21.12.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/15), во член 3 став (1), зборот "ноември" се заменува со **"октомври"**.

2. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/16, и станува составен дел на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4746/8 од 21.12.2015 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/15).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2016 година . . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на дел од улица "Никола Киров Мајски" и улица "5" во населба Хиподром 2, со комплетна инфраструктура . . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на водоснабдителен систем за подобрување на снабдувањето со вода,
за населените места М.А.Ченто, Сингелиќ, Стајковци и Инџиково . . . . . . . . . 8

**ОДЛУКА** за примање на донација од пет метални столбови од Град Скопје . . . . . . . . . 10

**ОДЛУКА** за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко - планска документација, со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти,
за село Сингелиќ (дел од КО Сингелиќ - 1, КО Сингелиќ - 2 и дел од КО Сингелиќ - 3); . . . . . . . . . 12

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставник од Град Скопје,
во Управниот одбор на ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . 14

**ОДЛУКА** за формирање на Центар за млади и невладини организации на Општина Гази Баба . . . . . . . . . 16

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2016 година . . . . . . . . . 21

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2015 година . . . . . . . . . 23

**ПРОГРАМА** за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гази Баба за 2016 година . . . . . . . . . 25

**ИСПРАВКА** . . . . . . . . . 29



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 01/16**
**40 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 20 примероци